**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# ИСТОРИЈА

## за I година

**Гимназиско образование**

**Скопје, 2025 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Историја*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Година на изучување** | I (прва) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • ***Основи на историјата, цивилизациите и државноста***<br>• ***Религија, идеи и моќ***<br>• ***Поврзување на светот низ историјата***<br>• ***Војни, конфликти и борби за слобода***<br>• ***Историјата и современиот свет*** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно /72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Дигитални паметни (смарт) уреди.<br>• Учебник.<br>• Енциклопедии, речници, историски атлас, збирки на историски извори, историски стручни учебници и монографии.<br>• Историски карти за сите периоди од светската историја (праисторија, стар век, среден век, нов век и најнов век) .<br>• Илустриран материјал, хамер, флипчарт, маркери, компјутер, ЛЦД проектор.<br>• Документарни, играни и анимирани филмови за:<br>- праисторија, стари цивилизации, среден век, нов век и најнов век, хронолошки таблици, светско културно наследство, Средоземно море, светските чуда на антиката, археолошки наоѓалишта, светски историски музеи, организација на власта, културно-историско наследство на средниот век, христијанството, исламот, |

| | |
|---|---|
| | јудаизмот, цркви, манастири, џамии, синагоги, средновековни градови, хуманизам и ренесанса, училишта, универзитети, географските откритија, научните пронајдоци, револуциите во 19. и 20. век, војните низ историјата, воени злосторства, меѓународни договори, меѓународни организации, економски промени, раст на светското население, епидемии, природни катастрофи. |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по Историја во I (прва) година гимназиско образование може да ја изведува:<br>• дипломиран професор по историја, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>• дипломиран историчар, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>• дипломиран професор по историја со археологија-наставна насока, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен |

# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***ОСНОВИ НА ИСТОРИЈАТА, ЦИВИЛИЗАЦИИТЕ И ДРЖАВНОСТА***

Вкупно часови: 12

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. Ја објаснува поврзаноста меѓу минатото и сегашноста и ја истакнува користа од проучување на историјата.
2. Го објаснува начинот на кој историјата го проучува минатото.
3. Описно го реконструира секојдневниот живот на луѓето во праисторијата и древните цивилизации.
4. Го опишува животот и развојот на првите човечки заедници и создавањето на првите држави.
5. Ги идентификува општествените, економските и културните карактеристики на древните цивилизации.
6. Го разбира значењето на континуитетот на цивилизациите за развојот на човештвото.
7. Ја објаснува улогата на урбаната револуција во развојот на првите градови.
8. Ги анализира основните карактеристики на државните уредувања: монархија и република.
9. Ги објаснува и поврзува причините и последиците за распадот на древните цивилизации.
10. Го вреднува значењето на демократијата во функционирањето на античките и современите општества.

Ученикот/ученичката ќе:

1. Ја вреднува важноста на историјата во однос на разбирањето на сегашноста и прилагодувањето на иднината.
2. Развива свест и почит за значењето на културното наследство на древните цивилизации во развојот на современиот свет.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување на способноста на учениците во следните аспекти:** |
|---|---|
| • **Историјата како наука**<br>(историја, историографија, минато, хронологија, | • Го дефинира поимот историја и ја објаснува разликата со историографија.<br>• Го препознава минатото како предмет на историјата. |

| | |
|---|---|
| време, простор, периодизација, праисторија, историски периоди, временска дистанца) | • Ги набројува и разликува историските периоди.<br>• Го објаснува значењето на хронологијата, времето и просторот.<br>• Објаснува зошто е направена периодизацијата.<br>• Пресметува временска дистанца.<br>• Анализира сличности и разлики меѓу периоди.<br>• Проценува зошто е важно да се изучува историјата.<br>• Го вреднува значењето на историјата во однос на сегашноста и иднината. |
| • **Како го проучуваме минатото?**<br>(археологија, историски извори, доказ, факт, нарација, интерпретација, реконструкција, контекст, стереотип, анахронизам) | • Ги препознава и класифицира видовите на историски извори (пишани, материјални, усмени, аудиовизуелни).<br>• Го објаснува значењето на археологијата во проучувањето на материјалните извори за минатото.<br>• Го објаснува процесот од историски извор до реконструкција на историјата.<br>• Идентификува факти, докази и нарации во историските извори.<br>• Ги споредува историските извори од различни видови и временски периоди.<br>• Анализира како контекстот влијае врз историската интерпретација.<br>• Ги анализира улогата и врската меѓу факт, доказ, нарација и интерпретација.<br>• Ги препознава и критички анализира стереотипите и анахронизмите во историското пишување.<br>• Го оценува влијанието на различни интерпретации врз разбирањето на минатото.<br>• Ја вреднува улогата на историчарот во реконструкцијата и толкувањето на историјата. |
| • **Почетоците на цивилизацијата**<br>(Месопотамија, Египет, Индија, Кина, Феникија, реки, иригациони системи, монументални градби, општествена хиерархија, писмо**)** | • Ги наведува најзначајните древни цивилизации и ги лоцира на карта според нивната географска положба.<br>• Ја објаснува врската помеѓу големите реки и развојот на првите цивилизации.<br>• Го објаснува значењето на иригационите системи за земјоделството и опстанокот на населението. |

| | |
|---|---|
| | • Ја објаснува улогата на монументалните градби (пирамиди, зигурати) во религиозниот и политичкиот живот.<br>• Ја објаснува функцијата и значењето на различните видови писмо (идеограмско и фонетско) во организирањето на животот во древните цивилизации.<br>• Ги разликува општествените слоеви во првите цивилизации и ги поврзува со концептите за сопственост и хиерархија.<br>• Ги споредува цивилизациите според општествената, економската и културната структура.<br>• Ги препознава и вреднува трајните придобивки на цивилизациите, како што се писмото, уредувањето, правото и уметноста.<br>• Оценува зошто древните цивилизации се сметаат за темел на понатамошниот развој на човештвото. |
| • **Урбаната револуција и градот како центар на моќ**<br>(град, цивилизација, рани урбани центри [Вавилон, Ур, Мемфис], општествени слоеви, елита, администрација, закон, поделба на трудот, трговија) | • Го објаснува значењето на географската положба на древните градови во однос на нивната политичка и економска улога.<br>• Го објаснува развојот на градот како центар на моќ и организација.<br>• Ја опишува функцијата на администрацијата, елитата и законите во управувањето со урбаниот живот.<br>• Го објаснува значењето на трговијата и поделбата на трудот за економскиот напредок на древните градови.<br>• Ги разликува општествените слоеви и опишува како се организирала општествената хиерархија во древните урбани заедници.<br>• Ги споредува различните урбани средини според нивната културна, економска и општествена структура.<br>• Го проценува значењето на урбаната револуција за појавата на посложени општества.<br>• Ја вреднува потребата од заедничко живеење на луѓето во минатото и денес.<br>• Ја вреднува улогата на древните градови како претходници на современите |

| | |
|---|---|
| | урбани општества. |
| • **Животот во првите држави**<br>(држава, власт, закон, институции, општествена улога, сопственост, занимања, робови, данок, секојдневен живот) | • Го објаснува значењето на државата како облик на политичка организација во општеството.<br>• Ја објаснува улогата на институциите, законот и власта во уредувањето на животот во првите држави.<br>• Го опишува секојдневниот живот на луѓето во првите држави преку нивните занимања, обврски и услови за живеење.<br>• Ја анализира врската меѓу сопственоста, даноците и општествената положба на луѓето.<br>• Ја анализира улогата на робовите и нивниот придонес во економијата и функционирањето на државата.<br>• Ги разликува општествените улоги (владетели, војници, свештеници, земјоделци, занаетчии, робови) и ги поврзува со нивните права и должности.<br>• Ја вреднува улогата на законот и институциите во обезбедувањето ред и стабилност.<br>• Го проценува влијанието на социјалната нееднаквост врз секојдневниот живот на различните општествени групи.<br>• Ја вреднува појавата на државата како клучен чекор во историскиот развој на општествата. |
| • **Стара Грција: демократијата во Атина и политичкото уредување на Спарта**<br>(полис, граѓани, демократија, гласање, еклесија, Солон, Перикле, олигархија, герусија, ефори) | • Ја опишува појавата на полисот како карактеристична форма на државна организација во Стара Грција.<br>• Ја објаснува улогата на граѓанинот во политичкиот живот во полисите во Стара Грција.<br>• Го следи развојот на атинската демократија преку реформите на Солон и Перикле.<br>• Ги идентификува клучните институциите на атинската демократија.<br>• Ја објаснува структурата на власта во Спарта.<br>• Ги споредува политичките уредувања на Атина и Спарта според начинот на |

| | |
|---|---|
| | владеење, учеството на граѓаните и институциите.<br>• Ја вреднува појавата на демократијата во Атина како темел на подоцнежниот развој на демократските идеи во Европа. |
| • **Римската република**<br>(Рим, република, сенат, конзули, магистрати, вето, патриции, плебејци, право, браќата Граси) | • Ги објаснува географското и историското потекло на Рим и нивното значење за настанувањето на Републиката.<br>• Го опишува процесот на создавање на Римската република и нејзиното политичко уредување.<br>• Го објаснува значењето на сенатот, конзулите и магистратите во функционирањето на Републиката.<br>• Го објаснува односот меѓу патриции и плебејци и борбата за политички права.<br>• Го објаснува значењето на правото и институцијата вето во заштитата на плебејските интереси.<br>• Ги анализира реформите на браќата Граси и нивното влијание врз стабилноста на Републиката.<br>• Ги споредува политичките системи на Римската република и атинската демократија во однос на учеството на граѓаните и институционалната структура.<br>• Ја вреднува Римската република како основа за подоцнежниот развој на правото и политичките системи во Европа. |
| • **Империите во антиката**<br>(монархија, царство, империја, примогенитура, поданици, Ахеменидско царство, Империјата на Александар III Македонски, Римско царство, Октавијан Август) | • Ги опишува дел од позначајните антички империи и нивните територии, владетели и центри на моќ.<br>• Ја објаснува разликата меѓу поимите монархија, царство и империја.<br>• Ја опишува хиерархијата на власта и односот помеѓу владетелот и поданиците во античките империи.<br>• Ги споредува начините на владеење, проширување и одржување на власта во различни антички империи.<br>• Ги анализира причините за подемот и распаѓањето на империите и нивните внатрешни слабости. |

| | |
|---|---|
| | • Ја проценува улогата на воените освојувања и културната размена во обликувањето на империите.<br>• Го вреднува значењето на античките империи во историскиот развој на Европа и Азија. |

**Примери за активности:**

**Изработка на хронолошки табели за:**

- појавата на првите цивилизации, држави и писма;
- клучните настани од развојот на првите држави.

**Изработка и одбележување на историски и неми карти за:**

- локации на античките држави;
- распространетост на античките империи и клучните битки.

**Квиз**:

- на тема: „Старите цивилизации“ (локација, население, природни услови, писма, владетели, уредувања, градби, културни достигнувања, технички откритија)

**Класифицирање и кратка презентација (групна работа или работа во парови) на**:

- историски извори по вид и анализа на нивната улога во процесот на истражување;
- различни видови писма, нивната појава во време и простор и нивното влијание врз современите писма;
- историски настани поделени според периодизација (стар век, среден век, нов век, најнов век).

**Истражување и критичко размислување**:

Индивидуално истражување на интернет за прашањето:

- „Која е користа од изучување на историјата?“ при што учениците ги идентификуваат клучните карактеристики на историографијата (селекција на извори, анализа, интерпретација, поврзаност со сегашноста);
- истражување на различни извори за ист настан, со цел разликување факти од ставови или интерпретации;
- анализа на историски алтернативи: „Што ако...?“ сценарија за настани од историјата на стариот век (пр. Што ако Александар III Македонски не умрел млад и ја продолжел експанзијата?) .

**Визуелизација и креативна продукција**:

Изработка на постер на тема:

- „Како историчарите ја составуваат сликата за минатото?“ со комбинирање на извори, факти, контекст и интерпретација.

**Дискусии и аргументирани ставови на теми**:

- настани со пресвртно значење за историјата на човештвото;
- влијанието на природните услови и географската местоположба врз развојот на древните цивилизации;
- фактори кои придонеле за подемот и распадот на империите;
- дали победниците секогаш ја пишуваат историјата?

**Компаративна анализа**

- Тема: *Споредување на државните уредувања: монархија и демократија*;
- Тема: *Секојдневниот живот во минатото и денес - сличности и разлики.*

**Соживување со минатото:**

- истражување и презентирање на културно наследство од антиката (предмети, идеи, обичаи) што имаат примена или симболика во современото општество.

**Актуелизација на историјата:**

Дискусија:

- „Зошто и како демократијата станала доминантно државно уредување во современиот свет“, со осврт на идеите за слобода, граѓанство и учество;
- анализа на современи примери за стратегии слични на римската тактика „раздели па владеј“, со етичка дискусија.

**Улогата на личноста во историјата:**

- анализа на позитивни и негативни аспекти од политичкото делување на Гај Јулиј Цезар како личност која го симболизира преминот од Република во Империја во римската историја.

**Критичко историско размислување и решавање на проблеми:**

- разликување факти и интерпретации во историографијата преку анализа на текстови и извори;
- анализа на континуитет и промени кај античките цивилизации: кои аспекти (власт, писмо, религија) се задржале најдолго и зошто;
- дискусија: што претставува историски доказ и како се проверува неговата веродостојност.

**Симулација**:

- учениците симулираат средба меѓу Александар III Македонски и делегации од различни покорени народи. Секој тим ја

претставува културата на својот народ. Александар решава како ќе ги интегрира во својата империја.

**Натпревар за најдобар есеј на тема:**

- како ни помага проучувањето на минатото да ја разбереме сегашноста?;
- процесот на создавање на првите држави и појавата на власт кај примитивните заедници;
- ако живеев во древна цивилизација, кој ќе сакав да бидам и зошто?

Тема: ***РЕЛИГИЈА, ИДЕИ И МОЌ***

Вкупно часови: 19

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. Ја разбира улогата на верувањата и религиите во формирањето на концептите на моќ во општествата на стариот и средниот век.
2. Идентификува сличности и разлики помеѓу христијанството и исламот.
3. Ја објаснува улогата на црквата во историскиот развој на европопските народи.
4. Го опишува функционирањето и социјалната структура на феудалното општество.
5. Го објаснува влијанието на Ренесансата и Просветителството во формирањето на новите концепти на моќ во средниот и новиот век.
6. Ја анализира улогата на Реформацијата во европската политичка историја и развојот на капиталистичкото општествено уредување.
7. Го евалуира значењето на Француската револуција во однос на укинувањето на феудализмот и реализацијата на идеите за национална држава.
8. Го вреднува влијанието на Американската војна за независност во понатамошниот развој на човештвото.
9. Ја споредува структурата на моќ и функционирањето на теократските, апсолутистичките и националните држави.
10. Го елаборита процесот на појавата на нациите и националните држави и го евалуира нивното значење во современиот Свет.

Ученикот/ученичката ќе:

1. Ја вреднува улогата на религиозниот и научниот светоглед во формирањето на современите идеи за слобода, човекови права и

разум.

2. Развива почит кон личностите кои биле двигатели на клучните идеи во развојот на човештвото во средниот и новиот век.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување на способноста на учениците во следните аспекти:** |
|---|---|
| • **Верувања и религии низ историјата** (религија, мит, политеизам, монотеизам, јудаизам, христијанство, ислам, будизам, свештенство, свет текст, теократија, храм) | • Ги именува основните верски системи (политеизам, монотеизам) и ги наведува главните религии во стариот и средниот век.<br>• Ги опишува основите на религиските учења (јудаизам, христијанство, ислам, будизам), нивните свети книги и обреди.<br>• Го објаснува процесот на појава, ширење и институционализирање на религиите во различни историски и географски контексти.<br>• Го препознава религискиот синкретизам и влијанието на постари религии врз подоцнежните.<br>• Ги споредува религиите во однос на нивните етички пораки, светогледи и став кон власта.<br>• Го анализира односот помеѓу религијата и државната власт, особено во случаи на теократија, божествена легитимност или судир на религија и политичка моќ.<br>• Го проценува значењето на религиите во историскиот развој на народите од стариот и средниот век.<br>• Го вреднува културното и цивилизациско влијание на Азија врз развојот на светските религии |
| • **Источната Римска Империја** (Византија, Ромеи, Константинопол, император, православие, теократија, Константин, Јустинијан I, тема, право) | • Ги именува основните поими поврзани со Источната Римска Империја (Византија, Ромеи, Константинопол, император, православие).<br>• Го опишува формирањето на Византија и значењето на Константин Велики за развојот на христијанството и позицијата на религијата во државата.<br>• Го објаснува владеењето на Јустинијан I преку три аспекти: кодификација на правото, архитектонски проекти и обнова на империјата.<br>• Го опишува односот помеѓу црквата и државата во Византија, со примери на |

| | |
|---|---|
| | теократски елементи (иконоборство, автокефалност, симфонија).<br>• Ги анализира особеностите на византиското уредување (систем на „теми“, административна централизација, унија на световна и духовна власт).<br>• Ги анализира причините за опаѓањето на Византија, вклучувајќи внатрешни проблеми, воени закани и културни поделби со Западот.<br>• Го вреднува значењето на византиската цивилизација за културниот и духовниот развој на Балканот и пошироко. |
| • **Улогата на христијанската црква во средниот век**<br>(Библија, догма, литургија, теократија, хиерархија, папизам, инвеститури, индулгенции, шизма, ерес) | • Го опишува проширувањето на христијанството и улогата на црквата како универзална институција во средновековна Европа.<br>• Го објаснува односот помеѓу црквата и државната власт преку поимите теократија, инвеститура, папизам и десеток.<br>• Ги анализира причините и последиците од шизмата помеѓу Источната и Западната црква.<br>• Наведува примери за влијанието на христијанската вера врз секојдневниот живот, културата, уметноста и образованието.<br>• Ја вреднува улогата на христијанството во развојот на европската цивилизација и европските вредности |
| • **Исламот и империите на Истокот**<br>(Мухамед, Куран, пет столбови на исламот, сунити, шиити, џихад, шеријат, калиф, Арапи, Кордоба, Багдад, Османлиска Империја) | • Ги набројува основните принципи, учења и ритуали на исламската религија.<br>• Ги опишува верските институции и улогата на исламот во секојдневниот живот на луѓето во средниот век.<br>• Го објаснува ширењето на исламот и создавањето на првите муслимански држави и империи во Азија, Африка и Европа.<br>• Ги разликува главните исламски верски правци (сунити и шиити) и го објаснува нивниот однос кон државната власт.<br>• Го објаснува значењето на исламските културни центри и нивната улога во науката, уметноста и образованието.<br>• Ги објаснува причините за подемот и опаѓањето на исламската цивилизација во средниот век.<br>• Го анализира значењето на Османлиската Империја за развојот на исламот |

| | |
|---|---|
| | и мултикултурното живеење на Балканот и Блискиот Исток.<br>• Ја проценува улогата на исламот во обликувањето на културниот и политичкиот идентитет на народите во делови од Азија, Африка и Европа. |
| • **Феудализам и монархии во Европа**<br>(феуд, закрепосништво, вазал, кмет, крал, централизација/децентрализација, даноци, Света Римска Империја, Франки, Викинзи) | • Го опишува процесот на оформување на феудалното општествено уредување и неговата поврзаност со христијанството.<br>• Го разликува феудалното општествено уредување од државното управување.<br>• Ја анализира феудалната хиерархија преку односите меѓу кралот, вазалите и кметовите.<br>• Го објаснува значењето на најважните европски монархии и улогите на нивните владетели во оформувањето на средновековна Европа.<br>• Го објаснува значењето на процесите централизација и децентрализација во средниот век.<br>• Ја споредува државата на Франките со Западната Римска Империја според уредувањето, територијата и религијата.<br>• Го објаснува влијанието на Викинзите, Словените и Арапите врз политичките и културните промени во Европа во средниот век.<br>• Го вреднува значењето на феудалниот поредок за развојот на средновековните европски народи и идентитети. |
| • **Хуманизам и ренесанса**<br>(човечност, преродба, уметност, научен доказ, експеримент, да Винчи, Данте, Петрарка, Бокачо, Коперник) | • Го објаснува значењето на хуманизмот и ренесансата како пресврт во светогледот на Европјаните.<br>• Ги опишува општествените, економските и културните предуслови за појавата на Ренесансата во Италија.<br>• Ги наведува клучните претставници и нивните дела во областа на уметноста, литературата и науката.<br>• Ги објаснува карактеристиките на хуманистичката мисла и новиот поглед кон човекот, образованието и природата.<br>• Ја анализира улогата на политичката моќ, покровителството и градските елити во развојот на Ренесансата. |

| | |
|---|---|
| | • Ги споредува општествените и културните карактеристики на Европа пред и по појавата на Ренесансата.<br>• Ги проценува придобивките и предизвиците од промените што ги донеле Хуманизмот и Ренесансата.<br>• Ја вреднува улогата на Хуманизмот и Ренесансата во развојот на модерното општество и научното размислување. |
| • **Реформација и противреформација**<br>(Мартин Лутер, Томас Минцер, Хенри VIII, протестантство, англиканизам, хугеноти, индулгенции, Игнасио Лојола, јеузити, инквизиција, Гутенберг) | • Ги објаснува причините за појавата на Реформацијата и реакцијата на католичката црква.<br>• Ги идентификува клучните личности и нивната улога во реформацијата и противреформацијата.<br>• Ги разликува главните протестантски правци според нивните учења и организација.<br>• Ја објаснува улогата на државната власт во поддршката или спротивставувањето на реформаторските движења.<br>• Го анализира влијанието на печатарството и новите медиуми во ширењето на реформациските идеи.<br>• Го опишува карактерот и последиците од верските конфликти и војни во Европа.<br>• Ја споредува Католичката црква пред и по Трентскиот собор.<br>• Ја проценува историската улога на Реформацијата и Противреформацијата во развојот на верската различност и современите европски општества. |
| • **Науката и новиот поглед на светот**<br>(научен метод, експеримент, индукција, емпиризам, рационализам, Галилеј, Њутн, Декарт, Бекон, телескоп) | • Ги набројува најважните научници од периодот на научната револуција и ги поврзува со нивните откритија.<br>• Го објаснува научниот метод како нов начин на размислување и докажување во науката.<br>• Го разликува принципот на рационално и емпириско знаење од религиозното верување.<br>• Ја анализира улогата на технологијата (телескоп, печатарство, микроскоп) во развојот на науката. |

| | |
|---|---|
| | • Го опишува значењето на универзитетите и печатот за ширење на научното знаење.<br>• Ја објаснува врската меѓу Ренесансата и појавата на нов научен светоглед.<br>• Ја вреднува улогата на науката во обликувањето на модерното општество. |
| • **Империите во новиот век**<br>(Шпанија, Англија/Британија, Франција, Русија, Хабсбуршко Царство, Османлиска Империја, колонијализам, меркантилизам, трговски компании, ропство, мисионери) | • Ги набројува главните европски империјални сили во новиот век и нивните колонијални поседи.<br>• Го објаснува економскиот систем на империите преку поимите меркантилизам, трговски компании и колонијализам.<br>• Го објаснува функционирањето на колонијалниот систем преку труд, ропство, мисионерство и културна доминација.<br>• Го анализира развојот на европските империи во споредба со нивните средновековни претходници.<br>• Ги споредува европските империи според нивната воена, економска и колонијална политика.<br>• Го анализира политичкото ривалство и сојузништвата меѓу империите во контекст на борбата за глобално влијание.<br>• Ја проценува улогата на империјалната експанзија во создавањето на модерниот свет и долгорочните последици за Европа и колонизираниот свет. |
| • **Идеите на просветителството**<br>(разум, општествен договор, поделба на власта, индивидуални права и слободи, народен суверенитет, Волтер, Лок, Русо, Монтескје, енциклопедија) | • Го објаснува значењето на разумот и рационалното размислување во погледот на просветителите кон светот.<br>• Ги објаснува клучните поими на просветителската политичка мисла: општествен договор, народен суверенитет, поделба на власта.<br>• Го објаснува значењето на индивидуалните права и слободи како темел на човековото достоинство и правната држава.<br>• Ги поврзува просветителските идеи со конкретни мислители и нивните дела.<br>• Ја анализира улогата на енциклопедијата како симбол на просветителскиот дух и достапноста на знаењето. |

| | |
|---|---|
| | • Ги споредува просветителските идеи со постоечките форми на власт и општество во 18 век.<br>• Ја проценува историската важност на Просветителството за современите идеи за демократија, човекови права и образование. |
| • **Апсолутизам и просветен апсолутизам**<br>(неограничена власт, божествено право, централизација, Луј XIV, просветителство, реформи, Петар I Велики, Фридрих II Велики, Катерина II Велика, Јозеф II) | • Го објаснува концептот на апсолутизмот и основата на легитимност преку божественото право.<br>• Ги опишува основните карактеристики на просветениот апсолутизам и неговата поврзаност со просветителските идеи.<br>• Ги идентификува главните просветени апсолутисти и ги поврзува со конкретни реформи.<br>• Го споредува апсолутизмот и просветениот апсолутизам според начинот на владеење, легитимацијата и односот со народот.<br>• Ги анализира разликите меѓу државите од Западна и Источна Европа во процесите на централизирање, реформирање и модернизација.<br>• Ја проценува улогата на просветниот апсолутизам во подготовка на теренот за идните демократски идеи и револуции.<br>• Ја проценува историската важност и ограниченоста на реформите во рамките на просветниот апсолутизам. |
| • **Американската војна за независност: идеи и создавање на нова држава**<br>(колонии, даноци, Бостонска чајанка, континентален конгрес, Вашингтон, Декларација за независност, Џеферсон, граѓански права, устав, република) | • Ги објаснува причините за незадоволството на колониите од британската власт (даноци, политичко непретставување).<br>• Ги идентификува клучните настани од почетокот до крајот на војната за независност.<br>• Го објаснува влијанието на просветителските идеи врз Декларацијата за независност.<br>• Ги објаснува клучните вредности содржани во Уставот на САД.<br>• Ја споредува американската борба за независност со апсолутистичките системи во Европа.<br>• Ја проценува историската важност на Американската револуција како пресвртница во развојот на современите демократии. |

| | |
|---|---|
| • **Француската револуција**<br>(сталежи, феудализам, Бастиља, Декларација за правата на човекот и граѓанинот, република, јакобинци, Робеспјер, терор, директориум, Наполеон Бонапарта) | • Ги објаснува причините за избувнување на Француската револуција.<br>• Ги опишува клучните настани во почетната фаза на револуцијата, вклучително рушењето на Бастиља и донесувањето на Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот.<br>• Го објаснува значењето на Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот за развојот на концептите за слобода, еднаквост и граѓански права.<br>• Ги идентификува главните фази на револуцијата: уривање на монархијата, воспоставување на република, теророт и директориумот.<br>• Го поврзува дејствувањето на јакобинците и Робеспјер со радикализацијата на револуцијата.<br>• Ги споредува целите на револуцијата со нејзиниот исход - од уривање на кралството до појавата на Наполеон.<br>• Ја анализира улогата на насилството и политичката нестабилност во текот на револуцијата.<br>• Ја проценува историската важност на Француската револуција во оформувањето на модерните идеи за демократија, уставност и човекови права. |
| • **Идеите за народ и држава во новиот век**<br>(нација, суверенитет, национализам, идентитет, етнос, либерализам, уставна монархија, парламентарна монархија, индивидуализам, слободен пазар) | • Го објаснува поимот нација и ги разликува културните и граѓанските елементи на националната припадност.<br>• Го објаснува значењето на суверенитетот како основа на народната власт.<br>• Го објаснува поимот национализам и неговото влијание врз создавањето на национални држави.<br>• Ги разликува формите на уставна и парламентарна монархија според нивниот однос кон власта и граѓаните.<br>• Го објаснува развојот на либерализмот како политичка и економска идеја поврзана со индивидуалните права и пазарната слобода.<br>• Го поврзува индивидуализмот со промената на вредностите во новиот век (од колективна кон индивидуална одговорност и слобода). |

| | |
|---|---|
| | • Го анализира односот помеѓу економскиот систем на слободен пазар и концептот на либерална држава.<br>• Ја проценува историската важност на идеите за нација, слобода и уставност во оформувањето на современите држави и демократии. |

**Примери за активности:**

**Изработка на хронолошки табели за:**

- појавата и распространувањето на светските религии (хронологија на хинудизам, будизам, јудаизам, христијанство, ислам);
- клучни реформаторски движења;

**Изработка и одбележување на историски и неми карти за:**

- распространетост на религиите низ времето и просторот;
- средновековни држави;
- ренесансни културни центри и први универзитети;
- апсолутистичките монархии во Европа во 17. и 18. век.

**Квиз**:

- на тема: „Клучни личности и идеи од Ренесансата и Просветителството и нивниот придонес во развојот на природните и општествените науки".

**Класифицирање и кратка презентација (групна работа или работа во парови) на**:

- светските религии според типот (монотеистички/политеистички/филозофски);
- просветителските мислители според нивниот однос кон религијата и државата (антиклерикални/умерени/рационалисти);
- облиците на власт според нивната идеолошка основа (теократија, апсолутизам, просветен апсолутизам, република).

**Истражување и критичко размислување**:

Индивидуално истражување на интернет за прашањето:

- дали Мартин Лутер сакал да создаде нова религија или да ја реформира постојната црква?
- како просветителството го променило мислењето за верските слободи?

**Визуелизација и креативна продукција**:

Изработка на постер на тема:

- „Ренесансата - враќање кон човекот" со визуелно претставување на основните ренесансни идеи, преку слики и цитати.

**Дискусии и аргументирани ставови на теми**:

- разлики и сличности помеѓу христијанството и исламот;
- како Византија успеала да опстои како империја до XV век?;
- кои услови придонеле Ренесансата да започне и да се развие токму во Западна Европа?

**Компаративна анализа:**

- споредба меѓу теократски, апсолутистички и национални држави.

**Соживување со минатото:**

- изработка на измислени дневници или писма од луѓе што живееле во периодот на Ренесансата, Реформацијата, Просветителството или времето на апсолутистичките монархии (пр. студент во Париз во 1500 година; уметник во Фиренца во времето на Леонардо да Винчи; дворјанин во времето на Луј XIV; млад просветител во Англија што шири нови идеи).

**Актуелизација на историјата:**

- идеалите на Француската револуција денес: каде ги гледаме слободата, еднаквоста и братството во современите општества?

**Улогата на личноста во историјата**

- анализа на придонесот на Леонардо да Винчи како уметник, научник и симбол на ренесансниот дух;
- оценување на општественото влијание на Мартин Лутер преку идентификување на позитивните и негативните последици од неговото делување.

**Симулација:**

- учениците изведуваат замислен разговор меѓу Волтер, Луј XV и еден кардинал и расправаат за божественото право на кралевите и за слободата на вероисповед;
- судски процес за ерес.

**Улогата на климатските фактори во историјата**

- Вулканска ерупција на Исланд како една од причините за Француската револуција.

**Натпревар за најдобар есеј на тема:**

- ренесансата - клучен фактор во развојот на Европа и светот;
- може ли апсолутен владетел да биде просветител?;

- како идеите на Просветителството ја инспирирале Американската војна за независност?.

Тема: ***ПОВРЗУВАЊЕ НА СВЕТОТ НИЗ ИСТОРИЈАТА***

Вкупно часови: 10

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. Ги опишува причините и последиците од миграциите низ историјата.
2. Ја објаснува улогата на размената на идеи и трговијата во процесот на поврзување на светот.
3. Ги идентификува причините за појавата на Големите географски откритија во конкретниот историски момент.
4. Ја објаснува поврзаноста меѓу техничките откритија, географските откритија и миграциите.
5. Ги споредува концептите на поврзување на територии и откривање на територии.
6. Ја проценува улогата на ,,откривањето на другиот” во развојот на различните општества и разликите во културните перспективи.
7. Ја анализира улогата на колонизацијата и индустриската револуција како клучни настани во светската историја.
8. Ја вреднува глобализацијата како доказ за улогата на техничките отритија во процесот на поврзаување на светот.

Ученикот/ученичката ќе:

1. Ја вреднува улогата на поврзувањето на народите во светот во развојот на човештвото.
2. Развива свест за важноста на прифаќањето на различностите и размената на идеи како позитивни вредности кои ја обликувале историјата и глобалните општества.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување на способноста на учениците во следните аспекти:** |
|---|---|
| • **Миграции и преселби низ историјата** (миграција, индоевропјани, голема преселба на народите, асимилација, интеграција, културен синкретизам, етничка симбиоза, варвари, Атила, | • Ги идентификува главните миграциски процеси во историјата и ги поврзува со нивните географски и временски контексти.<br>• Ги објаснува причините за историските миграции (клима, храна, притисоци, војни) и нивното влијание врз староседелските заедници. |

| | |
|---|---|
| последици) | • Го анализира односот помеѓу мигрираните и автохтоните групи преку поимите: интеграција, асимилација, етничка симбиоза и културен синкретизам.<br>• Ја објаснува историската улога на Хуните и Атила во Големата преселба на народите и нивниот ефект врз Европа.<br>• Ги споредува општествените и културните промени во одреден регион пред и по масовни преселби.<br>• Го толкува концептот „варвари“ како културна перцепција и објаснува како „другоста“ влијае врз формирањето на сопствениот идентитет.<br>• Ја проценува долгорочната важност на миграциите за историскиот развој и културното богатство на европските и азиските народи. |
| • **Поврзување на Евроазија во стариот и средниот век**<br>(Пат на свилата, Пат на зачините, крстоносни војни, Монголска Империја, Pax Mongolica, Марко Поло, пазар, понуда и побарувачка, профит, хартии од вредност) | • Ги наведува главните трговски и културни патишта преку кои се поврзувале европските и азиските простори (Пат на свилата, Пат на зачините, морски и копнени маршрути).<br>• Го објаснува потеклото, причините и насоките на Крстоносните походи и нивното влијание врз поврзувањето на Истокот и Западот.<br>• Го разбира значењето на Монголската Империја и Pax Mongolica како фактори што ја олесниле трговијата, движењето и размената помеѓу Истокот и Западот.<br>• Ја анализира улогата на патеписците (на пр. Марко Поло) во процесот на културна размена и европската перцепција за Азија.<br>• Ја анализира улогата на трговијата во ширењето на идеи, технологии, стоки и култури во Евроазија.<br>• Ги поврзува поимите пазар, побарувачка, понуда и профит со трговијата во средниот век.<br>• Го објаснува развојот на финансиски инструменти (пр. хартии од вредност) и нивната улога во олеснување на далечната трговија.<br>• Го вреднува историското значење на трговските патишта за поврзувањето на Евроазија и развојот на глобализациски процеси. |

| | |
|---|---|
| • **Големите географски откритија и колонизација на Новиот свет**<br>(Колумбо, Магелан, Америка, конквистадори, домородни народи, колумбовска размена, ропство, колонијализам, асимилација, евроцентризам) | • Ги идентификува главните причини за Големите географски откритија и ги именува клучните морепловци (Колумбо, Магелан, Дијаз)<br>• Ја објаснува улогата на Шпанија, Португалија, Франција и Англија во процесот на откривање и колонизација на Новиот свет.<br>• Го објаснува влијанието на географските откритија врз развојот на трговијата, технологијата и глобалната културна размена (Колумбовска размена).<br>• Ги споредува општествените и економските последици од откритијата во Европа и во колонизираните простори.<br>• Ги анализира економските, политичките и културните последици од колонизацијата врз домородните народи.<br>• Ја интерпретира улогата на техничките откритија (компас, бродови, огнено оружје) во олеснување на експанзијата и доминацијата.<br>• Го вреднува значењето на Големите географски откритија за процесот на поврзување на светот и почетокот на глобализацијата. |
| • **Индустриската револуција и технолошките иновации**<br>(индустрија, фабрика, парна машина, јаглен, локомотива, железница, телеграф, електрична енергија, Ват, Тесла) | • Ја објаснува појавата на индустриското производство и ги опишува клучните промени во начинот на работа, енергетските извори и организација на трудот.<br>• Ги идентификува најзначајните пронаоѓачи и технолошки иновации во првата и втората индустриска револуција, како и нивното значење за индустриското производство.<br>• Ја анализира примената на новите технологии и нивното влијание врз секојдневниот живот, комуникацијата и мобилноста.<br>• Го објаснува влијанието на индустриските револуции врз животната средина.<br>• Ги споредува ефектите од првата и втората индустриска револуција врз општествата во Европа и светот.<br>• Ја проценува улогата на индустриската револуција во создавањето на европската економска и технолошка доминација во светот. |

| | |
|---|---|
| • **Миграциите во 19. и 20. век**<br>(емиграција, бегалци, дијаспора, глад, пренаселеност, прогон, расизам, ксенофобија, адаптација, шовинизам) | • Ги идентификува главните причини за миграциите во 19. и 20. век (глад, војна, пренаселеност, прогон, економски можности).<br>• Го опишува контактот помеѓу староседелците и доселениците и последиците од тие средби.<br>• Ги објаснува промените во демографската структура, културата, општеството и економијата во регионите погодени од миграции.<br>• Ги споредува различните типови на миграции (економски, политички, принудни) и нивните последици по региони.<br>• Ги анализира сличностите и разликите помеѓу миграциите во средниот век и новиот век, особено во однос на обемот, причините и државната улога.<br>• Ја проценува улогата на миграциите во оформувањето на современите општества, национални идентитети, културни контакти и економски развој. |
| • **Миграција на идеи, култури и стилови**<br>(културна размена, синкретизам, идеологија, уметност, религија, масовна култура, културна хибридност, мода, традиција, оригиналност) | • Ги објаснува процесите на културна размена, синкретизам и хибридност во историски и современ контекст.<br>• Идентификува подрачја од општествениот живот во кои идеите, стиловите и културите најчесто мигрирале (уметност, религија, мода, музика).<br>• Ги опишува карактеристиките на идеи и културни форми што поттикнуваат поврзување меѓу народи и цивилизации.<br>• Ги споредува општествата кои биле отворени кон културна размена со оние кои ги одбивале надворешните влијанија.<br>• Ги анализира промените во уметноста, секојдневниот живот и општествените вредности како резултат на миграција на идеи и стилови.<br>• Ја проценува улогата на миграцијата на идеи и култури во развојот на светската цивилизација и глобалната поврзаност. |
| • **Глобализацијата до дигиталната ера**<br>(глобален пазар, корпорации, саем, пошта, радио, телевизија, дигитализација, ООН, НАТО, Олимписки игри) | • Ги опишува главните етапи и форми на глобализација од 19. век до дигиталната ера (транспорт, комуникации, економија, меѓународни организации).<br>• Ги идентификува институциите и настаните што придонеле за глобалното поврзување (саеми, пошта, олимписки игри, црвен крст, ООН, НАТО). |

| | |
|---|---|
| | • Го објаснува значењето на медиумите (радио, телевизија, дигитализација) во ширењето на идеи, информации и вредности.<br>• Ја анализира поврзаноста помеѓу економската глобализација (глобален пазар, корпорации) и секојдневниот живот на луѓето.<br>• Ги споредува претходните форми на поврзаност (на пр. пошта, радио) со современата дигитална поврзаност (интернет, мобилни мрежи).<br>• Ја проценува улогата на глобализацијата во развојот на светската меѓузависност, културна размена и меѓународна солидарност. |

**Примери за активности:**

**Изработка на хронолошки табели за:**

- миграциите низ историјата (од неолит до 20. век);
- големите географски откритија;
- технички откритија од Индустриска револуција до дигиталната ера.

**Изработка и одбележување на историски и неми карти за:**

- трговски патишта и мигрантски движења во стариот век;
- локации на европски колонии и рутите на географските откритија;
- технички и научни откритија: кога, кој (паралелна карта на иновации и откритија).

**Квиз:**

- историјата на производите (од каде потекнуваат: домат, какао, памук, кафе, чај, компас, барут, компир? кој ги пренел, кога и со какви последици?;
- експедициите во текот на географските откритија (водачи, патеки, последици).

**Класифицирање и кратка презентација (групна работа или во парови) на:**

- причините за мигрирање и типови на миграции;
- поморски експедиции и нивните резултати;
- научници и нивните технички иновации;
- последиците од географските, научните и индустриските откритија врз општествата.

**Истражување и критичко размислување:**

- проект: „Откривање на Америка пред Колумбо“ - докази и теории;
- улогата на Марко Поло во европското запознавање на Азија;
- анализа: „Како производите се ширеле низ светот? (шеќер, кафе, пченка, свила, барут)“.

**Визуелизација и креативна продукција:**

- глобалните трговски патишта и културните разменувања: како светот се поврзал низ историјата?

**Дискусии и аргументирани ставови на теми:**

- дали глобализацијата започнува со Марко Поло, со Колумбо, со интернетот, или со нешто друго?
- како откривањето на Америка влијаело врз општествено-економските процеси во Европа?;
- како неевропските народи ја перцепирале Европа во минатото?

**Компаративна анализа:**

- европските и азиските држави во периодот пред колонизацијата (технологија, економија, култура).

**Соживување со минатото :**

- „Јас како водач на поморска експедиција“ - креативна задача во која учениците избираат дестинација, мотив, очекувања и опасност;
- „Гласот на домородецот“ - пишување краток монолог од гледна точна на неевропски сведок на колонизација или „откритие“.

**Актуелизација на историјата:**

- разлики во меѓусебната перцепција на народите во минатото и денес;
- како технологијата (од печатот до интернетот) влијае на забрзаното поврзување на светот?

**Улогата на личноста во историјата**

- позитивни и негативни аспекти на „откривањето“ на Америка од страна на Кристофер Колумбо.

**Критичко историско размислување и решавање проблеми:**

- како местоположбата на народите влијае на нивниот историски развој?;
- како колонијализмот влијаел на религијата, економијата и културите?;
- кои делови на светот се поврзале мирно, а кои преку доминација и војна?;

- кои геополитички, економски и технолошки фактори ѝ овозможиле на северозападна Европа да ја преземе доминацијата во колонијалниот свет?

**Симулација:**

- „Колумбовска размена“ - учениците играат улога на трговци, домородци, мисионери, морепловци и „разменуваат“ реални производи, идеи и болести од Стариот во Новиот свет.

**Натпревар за најдобар есеј на тема:**

- влијанието на мирољубивите контакти наспроти војните во поврзувањето на светот;
- развивање на огненото оружје или културната доминација - што било пресудно за колонијалниот успех?;
- влијанието на глобализацијата и дигитализацијата врз индивидуалниот и општествениот развој.

Тема: ***ВОЈНИ, КОНФЛИКТИ И БОРБИ ЗА СЛОБОДА***

Вкупно часови: 19

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. Ја објаснува улогата на личноста на Наполеон во европската историја.
2. Ги споредува ефектите на револуциите и реформите врз општествените промени во Европа во 19 век.
3. Ја идентификува идеолошката оправданост на колонијализмот и процесот на деколонизацијата.
4. Ги опишува причините, текот и последиците од светските војни.
5. Го објаснува значењето на идеологиите и на технологијата во војните во 20 век.
6. Ги споредува карактеристиките на Првата светска војна, Втората светска војна и Студената војна.
7. Го разбира значењето на Октомвриската револуција и нејзината улога во развојот на класната борба.
8. Ја идентификува улогата на нацизмот и на фашизмот како злосторнички идеологии во однос на развојот на човештвото.
9. Го вреднува придонесот на мировните организации и мирните форми на отпор.
10. Ги анализира причините за современите воени конфликти и проценува како нивните последици влијаат на современото општество.

<table>
<tr><td colspan="2">Ученикот/ученичката ќе:<br>1. Го вреднува значењето на историјата на 20. век врз разбирањето на претходниот историски развој и врз визијата за иднината на човештвото.<br>2. Изразува почит и развива свесност за улогата на историските личности кои придонеле за развојот на современите општества.</td></tr>
<tr><td>Содржини (и поими):<br><br>• Наполеоновите војни и новиот поредок во Европа<br>(Наполеон Бонапарта, император, Наполеонов кодекс, војни, големата армија, континентална блокада, Русија, Ватерло, Виенски конгрес, реставрација, национализам, Големи сили)</td><td>Стандарди за оценување на способноста на учениците во следните аспекти:<br><br>• Го опишува подемот и падот на Наполеон Бонапарта и клучните фази на Наполеоновите војни.<br>• Ги идентификува клучните воени и политички настани за време на Наполеоновите војни и нивните последици.<br>• Ја објаснува важноста на Наполеоновиот кодекс и неговото влијание врз европските правни системи.<br>• Го објаснува значењето на Виенскиот конгрес во воспоставување на новиот поредок и принципите врз кои се темелел.<br>• Ги споредува територијалните, политичките и општествените состојби во Европа пред и по Наполеоновите војни.<br>• Го анализира влијанието на Наполеоновите освојувања врз појавата на национализмот и промената на политичката свест во Европа.<br>• Ја проценува улогата на Наполеоновите војни во трансформацијата на Европа и создавањето на современи политички односи.</td></tr>
<tr><td>• Колонијализмот во Америка, Африка и Азија<br>(империјализам, европски колонии, трговски компании, Берлинска конференција, трка за Африка, експлоатација, востанија, европеизација, културна доминација, расизам)</td><td>• Го објаснува процесот на европска експанзија во Америка, Африка и Азија преку империјализам и колонијализам.<br>• Ги идентификува формите на колонијална власт и споредува модели на владеење во различни региони.<br>• Го анализира влијанието на колонијалната експлоатација врз економијата, културата и општествата на колонизираните народи.<br>• Го интерпретира значењето на Берлинската конференција во контекст на поделбата на Африка и глобалната геополитика.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | • Ги споредува реакциите на домородното население на различни континенти (востанија, револти, културен отпор).<br>• Го проценува идеолошкото влијание на расизмот, евроцентризмот и културната доминација во оправдувањето на колонијализмот.<br>• Ја оценува улогата на колонијализмот во создавањето на современи државни граници, идентитети и конфликти. |
| • **Револуции и војни во 19. век**<br>(национализам, суверенитет, слобода, нација, Симон Боливар, Пролет на народите, граѓанска војна во САД, обединување на Италија, обединување на Германија, Гарибалди, Бизмарк) | • Го објаснува концептот на нација и национализам како движечки сили на револуциите и обединувањата во 19. век.<br>• Ги идентификува клучните револуционерни движења и личности во Европа, Латинска Америка и САД (Боливар, Пролет на народите, Гарибалди, Бизмарк, Линколн).<br>• Ја анализира причинско-последичната врска меѓу робовладетелството, државниот суверенитет и националниот идентитет во Граѓанската војна во САД.<br>• Го анализира влијанието на национализмот врз процесите на обединување на Италија и Германија.<br>• Го интерпретира значењето на војните за независност во Латинска Америка како антиколонијални и национално-ослободителни движења.<br>• Ги споредува револуциите од Пролетта на народите со движењата за национално обединување, во однос на целите, резултатите и општествениот контекст.<br>• Го проценува значењето на 19. век во оформувањето на модерните држави, нации и политички граници во Европа и Америка. |
| • **Национално-ослободителни движења на Балканот во 19. век**<br>(Османлиска Империја, милет-систем, зимии, Филики етерија, автономија, национално прашање, Грција, Прво и второ српско востание, Априлско востание, Руско-турска војна (1877-1878), Берлински конгрес (1878), Источна криза, | • Го објаснува контекстот на Османлиската Империја и нејзината организација преку Милет-системот и статусот на зимии.<br>• Ги идентификува клучните ослободителни движења (Грција, Србија, Бугарија, Албанија) и нивните историски фази: востание, автономија, независност.<br>• Го објаснува развојот на албанското национално-ослободително движење, |

| | |
|---|---|
| албанско национално-ослободително движење) | неговите цели, носители и неговото место во балканските национални движења од 19. век.<br>• Го анализира концептот на национално прашање во контекст на османлиската власт и борбата за самоуправа и национална држава.<br>• Ги споредува формите и степените на автономија добиени од различни балкански народи и нивната еволуција кон независност.<br>• Го интерпретира влијанието на Големите сили врз развојот на националните движења и врз резултатите од Берлинскиот конгрес.<br>• Ги анализира причините и последиците на Априлското востание и Руско-турската војна за трансформацијата на балканскиот поредок.<br>• Ја проценува важноста на национално-ослободителните движења во создавањето на современи национални држави на Балканот. |
| • **Првата светска војна**<br>(Антанта, Централни сили, Франц Фердинанд, Гаврило Принцип, фронт, дипломатија, Париска мировна конференција, граници, територии, меѓународен систем) | • Ги објаснува историските околности, причините и поводот за избувнувањето на Првата светска војна.<br>• Ги опишува карактеристиките на двата големи сојузи - Централните сили и Антантата.<br>• Ги наведува главните политички и воени лидери на завојуваните страни.<br>• Ги опишува главните воени дејствија и клучните битки во Европа, Африка, Азија и на Блискиот исток, на копно, море и во воздух.<br>• Го објаснува значењето на технолошките достигнувања за развојот и примената на ново оружје во војната.<br>• Го разбира текот и последиците од Првата светска војна.<br>• Го објаснува распадот на големите империи по Првата светска војна.<br>• Ја објаснува улогата на дипломатијата во оформувањето на поствоениот поредок и промената на политичката карта на Европа и светот.<br>• Го препознава значењето на Првата светска војна како граница помеѓу два историски периода - крај на „долгиот 19. век“ и почеток на модерната епоха.<br>• Ги анализира последиците од решенијата донесени на Париската мировна |

| | |
|---|---|
| | конференција во контекст на причините за Втората светска војна.<br>• Ја вреднува Првата светска војна како прв глобален вооружен конфликт во историјата на човештвото чиишто последици се чувствуваат и во современиот свет. |
| • **Руската револуција и комунизмот**<br>(Февруарска и октомвриска револуција, Николај II Романов, болшевици, монархисти, граѓанска војна, совети, Ленин, Сталин, комунизам, СССР) | • Ги објаснува поимите царизам, комунизам, болшевици и монархисти во контекст на Руската револуција.<br>• Ги наведува причините за кризата во Русија пред револуциите и го објаснува влијанието на учеството на Русија во Првата светска војна.<br>• Ги опишува настаните и текот на Февруарската и Октомвриската револуција.<br>• Ги идентификува клучните политички фигури поврзани со револуциите и новата власт (Николај II, Ленин, Сталин).<br>• Го објаснува текот на граѓанската војна во Русија и конфликтот помеѓу болшевиците и монархистите.<br>• Го опишува процесот на формирање на СССР и воспоставување на социјалистичкиот поредок.<br>• Ги анализира последиците на револуциите и комунизмот врз Европа и светот во 20. век<br>• Ја вреднува Октомвриската револуција како пресвртница во историјата, со воспоставување на првата социјалистичка држава во 20. век. |
| • **Светот меѓу двете светски војни**<br>(Нова политичка карта, Лига на народи, мандати, граѓански војни, фашизам, нацизам, дипломатија, воени, политички и економски кризи, популарна култура) | • Ги објаснува пост-воените историски околности и воспоставувањето на Версајскиот систем.<br>• Ја разбира улогата на Лигата на народите, нејзините цели, организациона структура и начин на функционирање.<br>• Ги објаснува причините за економската криза во САД, мерките за нејзино надминување и нејзините последици врз светската економија.<br>• Ги анализира причините за појавата на фашизмот и нацизмот, нивната идеолошка основа и карактеристики.<br>• Ги споредува фашизмот и нацизмот во однос на нивните карактеристики како симболи, начин на доаѓање на власт, пропаганда, ревизионизам, |

| | |
|---|---|
| | завојувачки интереси и територијални аспирации.<br>• Го објаснува политичкото дејствување на меѓународната дипломатија и обидите за зачувување на Версајскиот мировен договор.<br>• Ги разбира позициите и политиките на вон-европските сили (САД, Јапонија) во однос на меѓувоениот светски поредок.<br>• Ја вреднува културната и политичката динамика на меѓувоениот период како пресвртница меѓу двете светски војни. |
| • **Втората светска војна**<br>(Хитлер, Мусолини, Полска, Европа, свет, фронтови, блицкриг, холокауст, Черчил, Рузвелт, конференции, атомска бомба, последици) | • Ги наведува причините и околностите за започнување на Втората светска војна, како и плановите на завојуваните страни во конфликтот.<br>• Ги наведува политичките и воените лидери на двете коалиции.<br>• Ги опишува воените планови, борбените дејства и користеното оружје на фронтовите во Европа, Африка, Азија и на Пацификот, на копно, во воздух и на море.<br>• Ги идентификува пресвртните битки, понатамошниот тек и крај на војната.<br>• Ги објаснува воените злосторства, злосторствата против мирот и злосторствата против човештвото.<br>• Го објаснува холокаустот како систематски геноцид, ги препознава групите што биле жртви (Евреи, Роми, Словени и други) и ги анализира последиците за човештвото.<br>• Ги опишува дипломатските активности и конференции во текот на Втората светска војна.<br>• Ги анализира причините за победата на Антихитлеровската коалција наспроти силите на Оската.<br>• Ја анализира одлуката на САД за употреба на новото оружје - атомска бомби за завршување на војната со Јапонија на Пацификот.<br>• Ги објаснува последиците од Втората светска војна на светско ниво.<br>• Ја вреднува Втората светска војна како најголем воен конфликт и централен настан во светската историја. |
| • **Студената војна** | • Ги објаснува историските околности и конференциите (Јалта и Потсдам) кои |

| | |
|---|---|
| (Јалта, Потсдам, САД, СССР, блокови, идеологии, конфликт, Кореа, Куба, Виетнам, вселена, популарна култура) | го обликувале новиот политички поредок по Втората светска војна.<br>• Ги анализира причините за почетокот на Студената војна, блоковската поделба на светот и формирањето на воените сојузи (НАТО и Варшавски пакт).<br>• Ги споредува комунизмот и капитализмот како спротивставени идеологии, особено во однос на економијата, човековите права, политичкото уредување и технолошката конкуренција.<br>• Ја анализира улогата на трката во вооружување и во вселената како симбол на идеолошката и технолошката конфронтација меѓу Истокот и Западот.<br>• Ги објаснува клучните кризи и војни во рамките на Студената војна (Кореја, Куба, Виетнам, Берлин, Авганистан) и обидите за дипломатско смирување (детант, мировни договори).<br>• Го објаснува значењето на ООН и другите меѓународни организации (ЕУ, ОБСЕ, Арапска лига, Африканска унија) за зачувување на мирот и стабилноста во современиот свет.<br>• Ја вреднува Студената војна како клучен период во втората половина на 20. век со долгорочни последици за меѓународните односи, културата и глобалниот поредок. |
| • **Деколонизација и борби за независност во 20. век**<br>(антиколонијални движења, бунтови, востанија, револуции, Гана, Индија, Израел, Палестина, М. Ганди, Ј. Арафат, Н. Мандела) | • Ги објаснува историските околности што довеле до процесите на деколонизација во Африка, Азија, Блискиот Исток и други региони.<br>• Ги анализира различните начини на деколонизација: вооружени востанија, мирни движења, дипломатски преговори и меѓународни интервенции.<br>• Ги наведува најзначајните случаи на деколонизација и лидерите што го предводеле процесот во одделни региони.<br>• Ги споредува карактеристиките на процесите на деколонизација во различни делови од светот и нивните резултати.<br>• Ја објаснува улогата на ООН и други меѓународни фактори во поддршката на деколонизациските процеси.<br>• Го анализира појавувањето на неоколонијализмот и новите облици на |

| | |
|---|---|
| | зависност меѓу поранешните колонии и колонизаторите.<br>• Ја вреднува деколонизацијата како глобален историски процес за остварување на правото на слобода, независност и самопределување. |
| • **Граѓански права и мирни форми на отпор**<br>(демократија, човекови и граѓански права, индивидуални и колективни права, референдум, народен правобранител, пацифизам, еколошки движења, право на глас, бојкот, штрајк) | • Ги објаснува причините за појава на мирни форми на отпор и иницијативи за заштита на човековите и граѓанските права.<br>• Ги идентификува иницијативите за борба за граѓански права по Втората светска војна.<br>• Ги споредува различните облици на отпор, нивните причини и форми на делување во различни политички системи.<br>• Ја објаснува разликата меѓу правна регулатива и нејзиното практично спроведување во различни општества.<br>• Ја анализира улогата на државата и демократските институции во заштитата или загрозувањето на граѓанските права.<br>• Ги анализира разликите во вредносните системи и правната рамка за граѓански права во различни цивилизации.<br>• Ги вреднува човековите и граѓанските права како основа на слободата и демократијата во современите општества. |
| • **Падот на комунизмот и новите демократии во Европа**<br>(Источен блок, перестројка, гласност, М. Горбачов, Р. Реган, 1989, распад, транзиција, демократизација, плурализам) | • Го опишува историскиот контекст кој довел до падот на комунизмот во Источна и Централна Европа.<br>• Ги препознава клучните политички лидери поврзани со падот на комунизмот и нивната улога во трансформацијата на општествата.<br>• Ја објаснува состојбата во СССР и ги толкува обидите за реформи (перестројка, гласност) и нивните последици.<br>• Го анализира влијанието на западната култура и политиките на САД врз процесот на падот на комунизмот.<br>• Ги споредува политичките и економските состојби во државите пред и по падот на комунизмот.<br>• Ги проценува причините за падот на комунизмот поврзани со економските проблеми, политичката нефлексибилност и идеолошката |

| | |
|---|---|
| | нефункционалност.<br>• Ја вреднува историската важност на падот на комунизмот како пресвртна точка на крајот на 20. век, што доведе до создавање на нов геополитички поредок. |
| • **Современите конфликти и потрагата по мир** (Конвенционални, асиметрични, хибридни и сајбер конфликти, Балкан, Блиски Исток, Африка, Украина, меѓународни договори, бегалци, мигранти, тероризам, меѓународни судови, меѓународно право) | • Ги идентификува современите конфликти во светот, вклучувајќи територии, завојувани страни и типови на конфликти.<br>• Ги објаснува клучните поими поврзани со современи конфликти, како што се конвенционални, асиметрични, хибридни и сајбер војни, тероризам, сепаратизам, пацифизам и меѓународно право.<br>• Ги анализира причините за настанување на кризи и нивното прераснување во воени судири.<br>• Ги споредува современите конфликти со конфликтите од Студената војна во однос на причините, методите на водење и последиците.<br>• Ги толкува последиците од современите конфликти врз населението, со фокус на миграцијата, раселувањето, бегалците и етничкото чистење.<br>• Го објаснува значењето на принципите на владеењето на правото, правдата, силата и политиката во современите меѓународни односи.<br>• Го проценува значењето на меѓународните институции (ООН, меѓународни судови, конференции, преговори) во обидите за мирно решавање на современите конфликти. |

**Примери за активности:**

**Изработка на хронолошки табели за:**

- клучни настани и фази од Првата светска војна;
- појавата на тоталитарни режими и текот на Втората светска војна;
- блоковска поделеност, воени конфликти и кризи во текот на Студената војна;
- општ преглед на значајни настани во 20 век.

**Изработка и одбележување на историски и неми карти за:**

- фронтови и битки во Првата светска војна;
- фронтови и битки во Втората светска војна;

- Европа за време на Студената војна (воени конфликти и кризи) и падот на комунизмот;
- деколонизација: поранешни колонии и новосоздадени држави.

**Квиз:**

- клучни воени операции и битки од Првата и Втората светска војна и повоениот период (географска локација, воени стратези и генерали, типови оружја, воени тактики, непосредни последици и долгорочно значење на битките);
- деколонизација на Африка и Азија во 20. век (колонијални сили, движења за независност, водечки личности и први претседатели, форми и примери на неоколонијализам).

**Класифицирање и кратка презентација (групна работа или во парови) на:**

- главните војни и конфликти за слобода од 18. до 20. век;
- видови на отпор и борба за слобода (насилни и ненасилни отпори);

**Истражување и критичко размислување:**

- како битките кај Ватерло, Гетесбург и Нормандија ја промениле политичката историја на Европа и САД?;
- како железницата, тенковите и радарот ја промениле стратегијата на воените конфликти во 20-тиот век?;
- каква била улогата на воените конфликти во градењето на нациите? (обединување на Италија и Германија, Граѓанска војна во САД);
- воената медицина и хуманитарните иницијативи (од Флоренс Најтингејл до Црвениот крст - медицината во војна).

**Визуелизација и креативна продукција:**

- изработка на постер: „Клучни битки и конфликти што доведоа до слобода на народите“.

**Дискусии и аргументирани ставови на теми:**

- националните револуции во 19. век - борби за слобода или за создавање нови хегемонии?;
- сличности и разлики меѓу Првата и Втората светска војна и Студената војна;
- разлики и сличности меѓу фашизмот и нацизмот;
- фактори што влијаеле Германија да биде поразена во двете Светски војни?;
- зошто СССР победил во Втората светска војна, а ја изгубил Студената војна?

**Компаративна анализа на :**

- комунизмот и капитализмот - принципот на еднаквост и конкуренција во државните уредувања.

**Соживување со минатото :**

- „Јас како војник во Првата светска војна“;
- „Јас како жител на Хирошима (6 август, 1945)“;
- „Јас како активист за човекови права во периодот на Студената војна и деколонизацијата“.

**Актуелизација на историјата:**

- споредба на причините за избувнување на современите конфликти и конфликтите што се одвивале во текот на 20-тиот век;
- дали постојат современи форми на авторитаризам и како се разликуваат од авторитарните режими во текот на 20-тиот век (на пример, фашизмот, комунизмот)?

**Улогата на личноста во историјата:**

- Наполеон Бонапарта: револуционер или деспот?;
- Ото фон Бизмарк: обединител на Германија или архитект на идните конфликти?;
- Роза Луксембург - револуционерка со визија, или идеалистка без стратегија?;
- Џон. Ф. Кенеди - симбол на надеж или пропуштена можност?

**Критичко историско размислување и решавање проблеми:**

- какво било влијанието на Првата и Втората светска војна врз процесот на деколонизација?;
- кои фактори овозможиле нацизмот за краток период да го мобилизира германското население кон извршување на злосторства против човештвото?;
- дали Холокаустот укажува на тоа дека технолошкиот напредок на човештвото во 20. век не бил проследен со етички развој?

**Симулација:**

- на генерално собрание на ООН за време на Студената војна (на пр. Кубанска криза 1962): учениците глумат делегати на САД, СССР, Куба, Велика Британија, Кина, Франција и др., кои заседаваат со цел да се избегне нуклеарен судир и да се најде дипломатско решение за кризата.

**Натпревар за најдобар есеј на следните теми:**

- божиќното помирување во 1914 година - искра надеж за хуман и праведен свет;
- политичкото делување на Махатма Ганди - победа над сила без употреба на сила;
- Холокаустот - вечно предупредување за човештвото.

| Тема: ***ИСТОРИЈАТА И СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ***<br>Вкупно часови: 12 | |
|---|---|
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br>1. Го разбира влијанието на медиумите, уметноста и дигитализацијата врз начинот на перцепирање и проучување на минатото.<br>2. Ги опишува главните карактеристики на поп-културата во современите општества.<br>3. Ја објаснува општествената улога на филмот, музиката и поп-културата во современиот свет.<br>4. Ја објаснува важноста на историските јавни дебати за современите општества.<br>5. Ја споредува општествената улога на жените во минатото и денес.<br>6. Ги анализира разликите меѓу младите и возрасните во однос на општествените вредности во минатото и денес.<br>7. Го разбира начинот на историско паметење во современата дигитална ера.<br>8. Го анализира значењето на историското знаење за разбирање на современите глобални предизвици и за визија за иднината.<br>9. Го вреднува значењето на историјата за општествениот развој и изградбата на идентитетот во минатото и денес.<br>10. Пројавува критички пристап кон историските информации во традиционалните и дигиталните медиуми.<br><br>Ученикот/ученичката ќе:<br>1. Го вреднува значењето на историското паметење за градењето на колективен идентитет во современото општество.<br>2. Ја проценува улогата на историјата во разбирањето и решавањето на современи општествени предизвици. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување на способноста на учениците во следните аспекти:** |
| • **Историјата и медиумите**<br>(медиуми, весници, социјални мрежи, медиумска писменост, пристрасност, манипулација, лажни вести, пропаганда, колективна свест, „замислени заедници“) | • Ги разликува традиционалните и новите медиуми и ја објаснува нивната улога во пренос на информации за историјата.<br>• Ги објаснува медиумските механизми за обликување на историското знаење и влијанието на пристрасноста и манипулацијата.<br>• Идентификува примери на пропаганда и лажни вести поврзани со историјата и ги објаснува нивните последици врз јавната перцепција на |

| | |
|---|---|
| | минатото.<br>• Го анализира начинот на кој медиумите учествуваат во создавање на колективна свест и историски наративи.<br>• Ја интерпретира улогата на медиумите во конструирањето на „замислени заедници“ и национални идентитети.<br>• Ги споредува различните начини на претставување на историјата во медиумите и во академската историја.<br>• Ја вреднува важноста на медиумската писменост за критичко разбирање на историјата и препознавање на манипулации. |
| • **Историјата во филмот, музиката и поп-културата** (популарна култура, историски филм, документарец, фикција и реалност, драматизација, алтернативна историја, музичка порака, стрип, тв серија, видео игра, графити, протест/марш, уметничка инсталација) | • Ги разликува формите преку кои се претставува историјата во популарната култура.<br>• Го објаснува значењето на драматизацијата и фикцијата при претставување на историски настани.<br>• Идентификува примери на историски појави и личности прикажани во популарната култура и ги поврзува со изворната историска основа.<br>• Ја анализира точноста и пристапот кон историјата во различни медиумски продукти (филм, стрип, игра).<br>• Го проценува влијанието на популарната култура врз перцепцијата на историјата кај младите и пошироката јавност.<br>• Ја вреднува улогата на уметничките и медиумските форми во афирмација на историјата како дел од културниот идентитет. |
| • **Жените во историјата и современиот свет** (нееднаквост, борба за права, право на глас, образование, економска независност, политичко учество, Клеопатра, Роза Луксембург, Марија Кири, Симон де Бовоар, Мајка Тереза) | • Ги идентификува главните форми на нееднаквост со кои се соочувале жените низ историјата.<br>• Го опишува развојот на борбата за право на глас на жените во различни историски контексти.<br>• Го објаснува значењето на борбата за права во унапредувањето на општествениот статус на жените.<br>• Го објаснува значењето на образованието за процесот на еманципација на жените. |

| | |
|---|---|
| | • Ја анализира поврзаноста меѓу економската независност на жените и нивното учество во јавниот живот.<br>• Го објаснува политичкото учество на жените како фактор во борбата за еднаквост и права.<br>• Препознава истакнати историски примери на жени кои влијаеле врз општествените промени.<br>• Го анализира придонесот на одделни личности за унапредување на политичкото, научното и културното учество на жените.<br>• Ги споредува општествените улоги и статусот на жените во различни историски периоди и култури.<br>• Ја вреднува улогата на жените во историскиот развој на општествата и нивното влијание врз современиот свет. |
| • **Историјата и младите**<br>(младински движења, протест, отпор, иницијатива, образование, детски труд, забава и слободно време, графити, хип-хоп, младината на Хитлер наспроти хипи движењето) | • Ги идентификува историските улоги на младите во општествата (учество, отпор, индоктринација).<br>• Го објаснува значењето на младинските иницијативи и движења во историски контексти.<br>• Ги опишува условите и последиците од вклучувањето на децата во труд или во идеолошки структури.<br>• Го анализира развојот на младинската култура и нејзините форми на израз низ историјата.<br>• Ги споредува различните форми на младински ангажман: политичка манипулација наспроти критичка контракултура.<br>• Ја вреднува улогата на младите во историските промени и нивното влијание врз современото општество. |
| • **Историјата и јавните дебати**<br>(споменици, празници, учебници, херои, политизација, ревизионизам, контроверзи, интерпретација, симболика, дебата) | • Ги идентификува главните форми преку кои историјата станува дел од јавната сфера.<br>• Го објаснува значењето на симболите и ритуалите во формирањето на колективната меморија.<br>• Ги препознава причините за појава на контроверзии поврзани со |

| | |
|---|---|
| | интерпретација на историски настани или личности.<br>• Ја анализира улогата на политиката во обликувањето на историјата и нејзината употреба во јавниот простор.<br>• Ги споредува различните интерпретации за ист историски настан или фигура во учебници, медиуми или јавни дебати.<br>• Ја вреднува важноста на критичката дебата за историјата во демократското општество. |
| • **Историското паметење во дигитална ера**<br>(дигитализација, онлајн архиви, виртуелни музеи, фотографии, 3D реконструкција, вештачка интелигенција (AI), виртуелна реалност (VR), аугментирана реалност (AR), социјални мрежи, дигитална трајност) | • Го објаснува значењето на дигитализацијата за зачувување и ширење на историското паметење.<br>• Идентификува начини на користење на дигитални алатки за презентација и интерпретација на историјата.<br>• Ги опишува основните разлики помеѓу традиционално и дигитално историско искуство.<br>• Го анализира влијанието на новите технологии врз начинот на кој се доживува и толкува историјата.<br>• Ја проценува вредноста и ризиците од користењето на вештачка интелигенција во истражување и репрезентација на историјата.<br>• Го проценува влијанието на дигиталните медиуми врз начинот на кој младите луѓе учат, споделуваат и разбираат историја. |
| • **Историјата и идентитетот**<br>(семејство, потекло, традиција, колективна меморија, културен идентитет, верски идентитет, патриотизам, другост, стереотипи, толеранција) | • Ги идентификува основните елементи што го обликуваат личниот и колективниот идентитет.<br>• Го објаснува значењето на колективната меморија во градењето на идентитетот на една заедница.<br>• Ги препознава начините на кои историјата влијае врз формирањето на патриотски чувства и припадност.<br>• Го анализира односот помеѓу идентитетот и перцепцијата на „другиот“ низ историјата.<br>• Го проценува значењето на разбирањето и прифаќањето на културните и историските различности во создавањето на заеднички идентитет. |

<table>
<tr>
<td>

- **Историјата и иднината**

(поука, одговорност, историска перспектива, предвидување, визија, научна фантастика, историска алузија, анахронизам, мултиперспективност, утопија и дистопија)

</td>
<td>

- Го објаснува значењето на историските поуки и нивната улога во носењето одлуки за иднината.
- Ја објаснува улогата на визијата и предвидувањето во историското размислување.
- Ги разликува фактите, алузиите и симболите при интерпретација на минатото и неговото влијание врз сегашноста и иднината.
- Ги анализира опасностите од анахронизмот во оценувањето на минатото и проектирањето на иднината.
- Го споредува историскиот реализам со имагинарните сценарија како утопија и дистопија.
- Го анализира значењето на мултиперспективноста за градење одговорен однос кон иднината.
- Ја вреднува улогата на историјата во развојот на критичко и визионерско размислување кај младите.

</td>
</tr>
<tr>
<td colspan="2">

**Примери за активности:**

**Изработка на хронолошки табели за:**

- развојот на мас-медиумите од весници до дигитални платформи;
- важни настани во историјата на борбата за женски права;
- историски пресврти кои го промениле младинскиот активизам.

**Изработка и одбележување на историски и неми карти за:**

- географско ширење на социјални и политички движења иницирани од млади**;**
- потекло и распространување на идеи поврзани со национални идентитети.

**Квиз:**

- историјата во филмот, сериите и музиката (автори, теми, пораки);
- клучни датуми, настани и личности од историјата на правата на жените и младинските движења.

**Истражување и критичко размислување**:<br>Индивидуално истражување на интернет за**:**

</td>
</tr>
</table>

- манипулација со историјата преку медиуми: примери од 20. и 21. век;
- историјата во филмот: анализа на еден историски филм или серија.

**Дискусии и аргументирани ставови на теми:**

- дали медиумите ја обликуваат нашата перцепција за минатото?;
- може ли филмот да биде веродостоен историски извор?;
- како младите можат да влијаат за зачувување на историското паметење?

**Компаративна анализа на:**

- историски факт наспроти историска фикција;
- историјата во учебниците наспроти историјата во медиумите;

**Соживување со минатото:**

- слободното време, игрите и забавата на младите во минатото;
- „старата фотографија зборува...“

**Актуелизација на историјата:**

- „Историска личност во неочекуван контекст“ (учениците избираат историска личност, на пр. Александар III Македонски, Цезар, Марко Поло, Махатма Ганди, Клара Цеткин, Јозеф Сталин и потоа замислуваат како таа личност би делувала во 21. век како инфлуенсер, блогер, лидер на младинско движење, дизајнер на историски видео игри, креатор на подкаст за историски теми и сл.)

**Улогата на личноста во историјата:**

- влијанието на Симон де Бовоар врз борбата за женски права;
- Леонардо да Винчи како симбол и спој на историјата и иднината;
- Че Гевара - историска личност или поп-културна икона?

**Критичко историско размислување и решавање проблеми:**

- како да препознаеме манипулација со историјата во медиумите?;
- дали мултиперспективниот пристап ја релативизира историјата како наука?;
- кои вредности треба да ги зачуваме од историјата во светот што се менува?

**Натпревар за најдобар есеј на тема:**

- како употребата на вештачката интелегенција во иднина ќе влијае на перцепирање на реалноста и истражувањето на минатото?;
- може ли историјата да биде напишана на твитер (X)?;
- што ќе се памети од нашето време? историјата од перспектива на иднината.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ И ИНТЕРКУЛТУРНОСТ

Наставниците во гимназиското образование поттикнуваат инклузивност преку обезбедување активно вклучување на сите ученици во наставните активности. Соодветно ги адаптираат методите на работа за да одговараат на различните когнитивни и емоционални потреби на учениците, користејќи пристапи како индивидуализација, диференцијација, тимска работа и соученичка поддршка. При работа со ученици со попреченост, наставниците применуваат индивидуални образовни планови кои вклучуваат прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување и овозможуваат дополнителна поддршка од образовни асистенти, медијатори, тутори-волонтери и професионалци од ресурсните центри.

Редовното следење на напредокот на учениците, особено оние од ранливите групи, е од суштинско значење. Наставниците навремено ги идентификуваат евентуалните тешкотии и обезбедуваат насоки за нивно надминување, притоа создавајќи поддржувачка средина за постигнување на резултатите од учењето. Овој пристап не само што ги поттикнува академските постигнувања, туку и ја гради самодовербата на учениците и нивното чувство на припадност.

Во промовирањето на родова рамноправност, наставниците внимаваат да не се поттикнуваат стереотипни родови улоги при организирање на активностите. При формирањето групи за работа или доделувањето задачи, наставниците обезбедуваат рамнотежа помеѓу момчињата и девојчињата, додека при користењето примери, текстови и илустрации ја поддржуваат родовата сензитивност и ги поттикнуваат учениците да ги надминат родовите стереотипи. Наставниот процес е осмислен така што родовата еднаквост и етничката/културната сензитивност се природен дел од сите активности, особено преку користење, секаде каде што е можно, материјали и содржини кои промовираат интеркултурализам и меѓуетничка интеграција.

Наставниците ги воведуваат учениците во различни културни перспективи преку активности кои промовираат почитување на различностите во сите можни ситуации. Ова им овозможува на учениците да развијат свест за интеркултурно разбирање и соработка, што е основа за создавање и развој на кохезивно, хармонично општество.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици,
- истражувачките активности за прибирање податоци,
- практичната изведба на експериментите,
- изработките (илустрации, презентации, постери и сл.),
- придонес во работата во мали групи,
- домашните задачи и
- одговорите на квизови и другите активности што се дел од поучувањето.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. Во текот и на крајот од учебната година ученикот добива бројчани оценки.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2025/2026 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 21 став 3 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20 и 78/25), министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Историја* за I (прва) година гимназиско образование.** | бр. 13-718/2<br>16.5.2025 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br><br>_______________________________ |